РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2293/1
16-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-тата седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2968/1 од 31.05.2019 година, со наводи за незаконитости при спроведување на постапки за вработување по повеќе јавни огласи објавени од страна на повеќе институции, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-2968/1 од 31.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 31.05.2019 година поднесена е пријава со наводи за незаконитости при спроведување на постапки за вработување по повеќе јавни огласи објавени од страна на повеќе институции, и оформен е предмет број 12-2968/1 од 31.05.2019 година.

Во пријавата подносителот посочува дека има аплицирано на 34 јавни огласи за вработување. Исто така изнесува наводи за корупртивни дејствија во рамки на неколку огласи објавени од страна на ///, како и од страна на ///, Универзитетот /// и ЈЗУ /// (во текот на 2018 година), на кои подносителот се пријавил како кандидат.

Во пријавата за дел од постапките за вработување се изнесени наводи за ненавремено доставување на известувања до кандидатот, понатаму во дел од постапките по посочените огласи откако не бил избран како соодветен кандидат, подносителот побарал увид во списите на примените кандидати, којшто не му бил овозможен а за некои огласи поднел барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во пријавата се содржани и општи наводи за општи неправилности при

спроведување на постапките за вработување по јавни огласи. Воедно, посочени се и други институции на чии огласи подносителот аплицирал како кандидат за вработување.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот пријавените дејствија се однесуваат на права за засновање на работен однос, како и за остварување на права согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истите не се однесуваат на дела на корупција согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**